Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 декември 2000 година.

Бр. 07-5198/1
26 декември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Член 1

Во Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), во членот 82 став (2) зборот "три", се заменува со зборот "еден", а во ставот (5) зборовите: "има право на еднократен надоместок во вид на испратнина во износ од три негови исплатени месечни нето плати остварени во последниот месец пред престанокот на вработувањето", се заменуваат со зборовите: "ги има правата утврдени со Законот за работните односи и со Законот за пензиското и инвалидското осигурување".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".